Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 04-4412/11
31.12.2020 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 04-4412/11
31.12 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20) државниот секретар во Министерството за информатичко општество и администрација донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по објавен јавен оглас број 232/2020 за вработување на државен службеник во Министерството за информатичко општество и администрација

1. За извршител за работно место број 1. Помошник раководител на сектор за развој и управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор, со шифра на работно место УПР0101Б03000, се избира кандидатот Лаура Идризи.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за администрација на ден 30.11.2020 година, во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Лајм“ објави јавен оглас за вработување на 1 државен службеник во Министерството за информатичко општество и администрација.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација број 10-1928/3 од 02.12.2020 година, во функција на спроведување на постапката за вработување по објавениот јавен оглас број 232/2020 на ден 17.12.2020 година во 11:58 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за што сочини Записник од извршена административна селекција за административен службеник број 10-1928/4 од 17.12.2020 година. На ден 28.12.2020 година, со почеток во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација комисијата за селекција за вработување го спроведе испитот за административен службеник, за што сочини Записник од спроведен испит за

административен службеник број 10-1928/5 од 28.12.2019 година. На ден 29.12.2020 година, со почеток во 13:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација комисијата за селекција за вработување спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за што сочини Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-1928/6 од 29.12.2020 година.

Согласно Предлогот кандидатите за вработување по јавен оглас број 232/2020 во Министерството за информатичко општество и администрација број 10-1928/7 од 29.12.2020 година државниот секретар во Министерството за информатичко општество и администрација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволниот кандидатот има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

м-р Елена Манчева

**Доставено до:**

- кандидатите
- одделението за управување со човечки ресурси
- архива